Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ
Institucioni Nacional-OPERA DHE BALETI NACIONAL
Бр.-Nr. 04-49/4
17.01.2024 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на 12 став (2) точка 18 од Статутот на Националната установа Национална опера и балет, во врска со член 77-а став 1 алинеа 2 од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013, 44/2014, 61/2015, 154/2015, 39/2016 и 11/2018), како и член 21 од Законот за работни односи (Сл.Весник на РМ бр.62/05, бр.106/08, бр.161/08, бр.114/09, бр.130/09, бр.149/09, бр.50/10, бр.124/10, бр.47/11, бр.11/12, бр.39/12, бр.13/13, бр.25/13, бр.170/13, бр.187/13, бр.113/14, бр.20/15, бр.33/15, бр.72/15, бр.129/15, бр.27/16 и бр.120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/2019, 267/2020 и 151/2021) и Извештајот од спроведена аудиција бр. 04-49/3 од 17.01.2024 година, во врска со работното место Костимограф од Интерниот оглас број 1/2023, објавен на веб страната на Националната установа Национална опера и балет,донесувам

ОДЛУКА
за избор

1. По спроведената постапка за пополнување на работно место со унапредувањераспоредување на еден извршител на работно место Костимограф во Национална опера и балет, се избира кандидатот
   - Марија Пупучевска
2. По конечноста на одлуката за избор, ќе се донесе решение за унапредување и со избраниот кандидат ќе се склучи договор за вработување.

Образложение

Врз основа на утврдена потреба, а по претходно обезбедена согласност за пополнување на работно место со унапредување/распоредување бр. 18-11998/2 од 26.12.2023 година од Министерството за финансии, НУ Национална опера и балет објави интерен оглас за пополнување на работно место за едно лице, за работно место Костимограф, шифра КУЛ0304Б01003, интерен оглас број 1/2023. На огласот објавен на веб страната на Национална опера и балет на 29.12.2023, се јави еден кандидат,за кој комисијата со записник бр.04-49/2 од 15.01.2024 година, утврдила дека е уреден. На интервјуто за оценка на способноста е поканет и присуствуваше кандидатот Марија Пупучевска. По спроведената постапка и интервју за проверка на способностите на кандидатот, согласно член 21 од Законот за работни односи и член 77-ж од Законот за култура се донесе одлука како во изреката.

Правна поука: Против оваа одлука може да се поднесе приговор до Управниот одбор на Национална опера и балет, во рок од осум дена по приемот.

Доставено до:
- Кандидатите
-Одделение за човечки ресурсии веб страна
- Огласна табла
-Архива

Директор
м-р Васо Ристов

Изработил: Т.Пејовска